Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Совет на Општина Старо Нагоричане, по повод одбележувањето на 11 Ноември-Денот на Општина Старо Нагоричане и традиционалното доделување на Ноемвриска награда, го распишува следниот:

# КОНКУРС
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НОЕМВРИСКА НАГРАДА ЗА 2022 ГОДИНА

Се известуваат сите заинтересирани граѓани на Општина Старо Нагоричане да се пријават на конкурсот за доделу вање на Ноемвриска награда за 2022 година за следните категории на награди:

1.Категорија - најдобар сточар во Општина Старо Нагоричане за 2022 година,

2.Категорија - најдобар земјоделец во Општина Старо Нагоричане за 2022 година,

3.Категорија - најдобар спортист во Општина Старо Нагоричане за 2022 година,

4.Категорија - најуспешна фирма во Општина Старо Нагоричане за 2022 година,

5.Категорија – најуспешен наставник, по предлог на основните училишта на територија на Општина Старо Нагоричане за 2022 година,

6.Категорија - талентирани ученици од Општина Старо Нагоричане, по предлог на основните училишта на територија на Општина Старо Нагоричане за 2022 година,

7.Категорија - најдобар полицаец по предлог од ПС Старо Нагоричане за 2022 година

8.Категорија – најдобар пожарникар по предлог од ТППЕ Старо Нагоричане за 2022 година.

Пријавувањето на кандидатите ќе се врши во Општина Старо Нагоричане во архивата на Општината, секој работен ден од 08,00 до 16,00 часот во период од 07.10.2022 година до 21.10.2022 година за категории 1, 2, 3 и 4 од страна на заинтересирани граќани, институции и други. За категории и 5, 6, 7, 8 ќе се поднесуваат барања до институции за да поднесат предлози.

Бр.08-9/ 238
07.10.2022 година

Комисијата за одбележување на
празници и манифестации и доделување
на награди и признанија
Претседател,
Сања Стојковска